НОВА МАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК



# Публиката сака декоративни слики без значење

*Дневен весник (Ед. бр. 24073)*

**ЛИКОВНА УМЕТНОСТ**

17.06.2017 12:30

242



Ирина Поповска
irina.p@novamakedonija.com.mk
Повеќе од овој автор

**Следејќи ги тековите на современото сликарство воочив дека најмногу се изложуваат декоративни слики, без подлабоко значење. За мене е загрижувачко тоа што конкретно тие слики се пласираат на пазарот и се фокус на**

**галериите, вели**

**Петрушевиќ**

Владан Петрушевиќ е младиот и перспективен уметник, чија изложба е отворена во Музејот на градот Скопје. Станува збор за поставката насловена „Мостра“, во која уметникот Петрушевиќ настојува да ја проблематизира постојната состојба на сликата или на сликарството кај нас, и кон таа позиција јасно да го презентира сопствениот однос. Делата од овој проект поседуваат претстави создадени во меѓупросторот на бруталниот израз и перформансот.

Самостојната изложба на Петрушевиќ е во рамките на проектот на Музејот на градот Скопје, а повод е наградата „Борко Лазески“ за инвентивни достигнувања во сликарскиот оддел што авторот ја доби во 2016 година. Владан Петрушевиќ (Куманово, 1993 г.) дипломирал во 2016 година на Факултетот за ликовни уметности, сликарска насока, во класата на Слободанка Стевческа. Учествувал на проектот „Видеоарт и временски базирана уметност“, како и на завршните изложби на ФЛУ. Учествувал на изложбите „Јанг артист“, организирана од Агенцијата за млади и спорт, во „Мала станица“, „Транспарентност“ заедно со Надица Толевска и во Уметничката галерија во Куманово.

**Кажете ни нешто повеќе за делата од поставката со наслов „Мостра“?**
- Пораката што се крие во овие слики, или на целата изложба е ставена како секундарна. Односно, целата идеја околу оваа изложба е токму проблемот на сликарството како медиум, и колку тој може да пренесе порака и да одговори на прашањата што денес се поставуваат. Со оваа изложба се трудам повеќе да поставам прашање, отколку да дадам одговор.

Во обид да одговорам на прашањето дали односот на публиката кон самата форма на изразување преку сликарството како медиум го доведе во прашање уметничкото во сликата, како автор ги ставам моите дела во позиција на декорација преку подарување на таканаречени мостри. Со можноста публиката да си земе парчиња од самите слики, односно мостри, се создава поинаква перцепција кон сликите, односно се ставаат во позиција на апсолутна декоративност. Мострата дава можност публиката да може да ја однесе дома и да види дали, евентуално, одредена слика би се вклопила во целокупниот ентериер на просторијата. Исто така, се овозможува сликата да се третира како стока, па евентуалниот купувач би имал можност да го провери квалитетот на платното, издржливоста на боите...

**Делата од изложбата говорат за некоректниот однос на публиката кон сликарството. Дали во денешно време сликата е само декорација?**
- Тоа претставува голем проблем, на кој самиот се трудам да му пристапам внимателно за да можам да го истражам одблиску, а сепак да не заглавам во таа „декорација“. Многу е важно да се нагласи дека не говорам за целокупната уметност, туку конкретно за сликарството. Следејќи ги тековите на современото сликарство, видов дека многу од работите што се изложуваат се декоративни слики, без подлабоко значење. Но за мене е загрижувачко тоа што баш тие слики се пласираат на пазарот и се форсираат по галериите. Од друга страна, сега засега не гледам некој посериозен пристап кон овој медиум што би ги „загрозил“ таквите декорации, еден пристап каков што имаме во модернизмот. И затоа и го поставувам прашањето што и каде со сликарството? А прашањето со публиката и односот кон сликарството повеќе ја отежнува ситуацијата.

**Какви техники и материјали користевте при творење на делата за изложбата?**
- Делата се изработени од повеќе материјали, односно комбинирана техника, како емајл боја за дрво и метал, маслени пастели, прашина, маслени бои, пигменти, јаглен... се само некои од материјалите што се користени. Исто така, работени се на негрундирано платно, и се третирани на повеќе начини за да се добијат одредени ефекти.
Добитник сте на наградата „Борко Лазески“ за инвентивни достигнувања во сликарскиот оддел.

**Дали сметате дека наградите го отвораат патот кон успехот?**
- Наградите и признанијата се важни за секој човек во различна област. Тие се мотивација да се продолжи по тој пат со уште поголем стремеж и желба. Но од друга страна, конкретно за оваа награда не мислам дека е пресудна во понатамошниот тек во работата. Секако дека е важна како стимул, но дека го отвора патот до успехот, не мислам баш така. Според мене уметникот, посебно младите уметници треба да се градат и на некој начин да созреваат и преку работа да дојдат до одреден успех, што и да значи тоа во светот на уметноста. Придружните награди можат да послужат како гориво за да се продолжи патот.

**Кои уметници имаат оставено најголем впечаток и влијание врз вашето творештво?**
- Повеќе уметници имале или имаат влијание, така што немам одредени омилени. Како што реков, уметникот се гради и созрева така што од сите уметности има што да се научи и да се искористи, без оглед дали станува збор за филм, музика, ликовна уметност, а јас би додал и филозофијата, која не спаѓа во уметност. Уметноста е комбинација и презентација на сите тие знаења, информации и размислувања.

**По неодамнешната изложба „Транспарентност“ во Куманово, и „Мостра“ во Музејот на градот Скопје, дали работите на нови дела и за каква тематика станува збор?**
- Моментално не работам на ништо ново. Имам неколку идеи што ми се во план да ги реализирам меѓутоа, тоа нема да се случи набрзо.

---

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ

КОМЕНТАРИ